правосудните органи и здруженијата на
граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0201-459/4
20.10.2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно Одлуката за спроведување на изборните активности, Претседателството на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ од 20.10.2021 година, донесе

# УПАТСТВО

за спроведување на изборите во синдикалните организации

на Синдикатот на УПОЗ

**1.** Изборите во синдикалните организации и подружници ќе се спроведат согласно Одлуката за распишување и спроведување на изборите.

**2.** Синдикалните организации кои во изминатиот период ***(меѓу Седмото Собрание и Осмиот Конгрес)*** согласно **член 2 и 3 од Одлуката** извршиле избори, и не им е изминат мандатот, не се должни да организираат изборни активности во овој период.

## I. ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ЗА ИЗВРШЕН ОДБОР, ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**3.** Во секоја синдикална организација треба да се изберат:

- **Претседател;**
- **Заменик претседател;**
- **Извршен одбор;**
    - Совет на повереници *(само во синдикалните организации кои имаат подружници).*

Синдикалните подружници избираат повереник и тој по функција е член на Советот на повереници на Синдикалната организација на установата/организација во која работи.

Синдикалните подружници кои имаат над 10 члена избираат повереник. Оние подружници кои имаат помалку од 10 члена, се групираат регионално (или во одделенија) и избираат свој повереник на регионот/одделенијата.

За Претседател на Синдикална организација со подружници може да биде избран кандидат кој е предложен од најмалку 1/3 од подружниците во кои членуваат најмалку 1/3 од вкупниот број на членови во Синдикалната организација.

Во Синдикалните организации **со подружници**, изборот на претседател на синдикалната организација, неговиот заменик и Извршниот одбор, го врши Советот на повереници на изборното собрание врз основа на предлозите дадени од синдикалните подружници.

Изборот на Претседателот во Синдикалната организација се верификува врз основа на доставен записник од состанокот во подружницата/одделението и повереникот на изборниот состанок не смее да гласа спротивно на одлуката на неговата подржуница/одделение.

**НАПОМЕНА:**

*За денот на одржување на изборниот состанок, синдикалните организации се **должни да го известат Синдикатот на УПОЗ** и на истиот **задолжително** да присуствува овластен претставник на Синдикатот на УПОЗ.*

## II. ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**4.** Претседателството на Синдикатот на УПОЗ го бира Конгресот. Бројот, постапката и начинот за предлагање на членови на Претседателството се утврдува со посебна Одлука на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

## III. ДЕЛЕГАТИ, И МОЖЕН КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**5.** Бројот на делегати на Осмиот Конгрес на Синдикатот на УПОЗ изнесува **71**.

Статус на делегати на Осмиот Конгрес имаат и членовите на Претседателството, Надзорниот одбор и Статутарната комисија на Синдикатот на УПОЗ.

Делегатите на Осмиот Конгрес треба да приложат полномошно ***(со печат)*** врз основа на кое Верификационата комисија на Собранието ќе ги верифицира нивните мандати.

Бројот и структурата на делегатите ја утврдува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

**6.** Кандидати за членови и заменици на Надзорниот одбор утврдува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

**7.** Синдикалните организации се изјаснуваат по предлогот за можен кандидат за претседател на Синдикатот на УПОЗ доставен од Претседателството на Синдикатот на УПОЗ или даваат предлог согласно критериумите од Одлуката за спроведување на изборните активности.

**8.** Синдикалните органиации до 50 членови како и новоформираните организации по предлогот за можен кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ се изјаснуваат преку Извшрни одбори на синдикалната организација.

**9.** По предлозите за можни кандидати за членови на органите и можниот/те кандидат/и за претседател на Синдикатот на УПОЗ, Претседателството ќе утврди предлог - листа.

Конгресот врши избор на претседател, генерален секретар и членови на Надзорниот одбор и нивни заменици.

Конгресот ја верификува Одлуката за бројот и составот на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ И ИЗБОР

**10.** Во Синдикалните организации, Извршните одбори даваат предлог за можен кандидат за претседател на синдикалната организација врз основа на следниве критериуми:

- синдикални активисти со најмалку **60** месечно, односно **пет годишно непрекинато членство** во Синдикатот на УПОЗ.
- синдикални активисти кои стекнале углед и доверба меѓу членовите, како и авторитет пред работодавачот, односно членови кои со својата работа се афирмирале во Синдикатот на УПОЗ;
- синдикални активисти кои со своето работење придонесувале и ќе придонесуваат за јакнење и афирмација на Синдикатот на УПОЗ;
- синдикални активисти кои решително ќе ги остваруваат и заштитуваат интересите и правата на членството на Синдикатот;

- синдикалните активисти кои учествувале и се потписници на Колективен договор на ниво на работодавач; и
- при предлагањето на кандидатите да се води сметка за половата и квалификационата структура на членството;
- право на глас на Изборното собрание имаат сите членови на Синдикатот на УПОЗ кои пристапиле до денот на распишување на изборите (20.10.2021 година).

**11.** Во органите и телата на Синдикатот на УПОЗ како и во органите и телата на синдикалните организации **не може да бидат бирани:**

- членови на работоводни органи и лица кои имаат функција на работодавач и лица кои имаат преговарачки овластувања во однос на правата и обврските на работниците, се додека им трае таа функција.

***Синдикалните организации се должни да го известат Синдикатот на УПОЗ за денот на изборниот состанок и заеднички да го усогласат терминот.***

***Синдикалните подружници пак се должни да го известат Претседателот на синдикалната организација за денот и начинот на одржувањето на изборниот состанок заради присуство на претседателот или претставник на нивната синдикалната организација.***

***Синдикалните организации се должни веднаш, а најдоцна пет дена по одржувањето на изборот во синдикалната организација до Синдикатот на УПОЗ да доставаат заверен записник со потпис и печат на синдикалната организација на адреса улица "12 Ударна бригада" бр.2а - Скопје и e-mail info@upoz.org.mk"***

Теркот на записникот сите синдикални организации ќе го добијат по електронска пошта.

**За дополнителни информации можете да се обратите на Трпе Деаноски – Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ (078/482 403; trpe.deanoski@upoz.org.mk) или Бојан Трипуноски – Стручен соработник (078/482 419; bojan.tripunoski@upoz.org.mk)**

**Синдикат на УПОЗ**